**01.05.2014**




Слика 1: Изјава за медиумите на претседателот Митревски на плоштад „Македонија“

Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) денеска организираше собир по повод Први Мај, Меѓународниот ден на трудот на кој ја промовираше на кампањата: „ЗА СИГУРНИ И БЕЗБЕДНИ РАБОТНИ МЕСТА“, на плоштадот „Македонија“ во Скопје со почеток во 10.00 часот. На собирот се претставија 18 грански синдикати здружени во ССМ со свој синдикален и едукативен материјал. Придонес кон одбележувањето на овој празник и поддршка на кампањата даде и Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР).

Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски даде изјава за медиумите и воедно им го честита празникот на работниците, посочувајќи дека синдикатот и натаму ќе работи на

унапредување на нивните права.
„ССМ како најмасовна синдикална организација е решена достојно да ги застапува правата и интересите на работниците, да го унапредува работното законодавство и да го усогласува со она во ЕУ и со европските директиви", изјави претседателот Митревски. Тој посочи дека од 2010 досега се донесени неколку важни закони, како што е Законот за минимална плата. И ако ја направиме таа разлика од 2010 до сега, 98,85 % ја зголемивме минималната плата. Имплементиравме 19 директиви на ЕУ во работното законодавство, 8 конвенции на Меѓународната организација на трудот, ги одбранивме во услови на најтешка економска и финансиска криза трите основни столба: не дозволивме масовни отпуштања, намалување на платите, зголемување на пензиската граница, туку ги зголемивме висините на платите, истакна Митревски.

Со потпишувањето на Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството, вратен е и регресот за годишен одмор, право за 2014 година на сите работници во приватниот сектор. Оваа година, слично како и минатите, продолжуваме со нашите заеднички активности да го потпишеме и општиот колективен договор за јавниот сектор каде што ќе обезбедиме надоместоци за сите вработени во овој сектор.

Сојузот на синдикатите на Македонија оваа година ја реализира кампањата „ЗА БЕЗБЕДНИ И СИГУРНИ РАБОТНИ МЕСТА". „Спремни сме како ССМ преку нашите барања за измени и дополнувања на Законот за безбедност и здравје при работа да ја подигнеме значајно одговорноста на сите субјекти во претпријатијата, да го подигнеме значењето на претседателот на синдикалната организација и да му овозможиме со овие измени да биде контролор во делот на спроведувањето на сите мерки за безбедност. Работодавачот ќе има обврска да го информира за сите видови на активности кои ги презема", изјави Митревски.

Претседателот Митревски истакна и дека во минатата година имаше 98 несреќи од кои 28 со фатални последици. ССМ оваа кампања ќе ја води заеднички со сите релевантни субјекти, и очекува дека ќе се подобри сигурноста на работните места на вработените.

По завршувањето на активностите по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на трудот Советот на ССМ ја одржа Тринаесеттата свечена седница на која присуствуваа членови на Советот и поканети гости.


ССМ
ЗА БЕЗБЕДНИ
РАБОТНИ МЕСТА

[illegible]